This Project is funded by the European Union

## Проект "Од почетокот"

Здружението за поддршка на маргинализирани групи „Ромски Ресурсен Центар" - Скопје во партнерство со Асоцијација за Демократски Развој на Ромите Сонце – Тетово за потребите на проектот "Од почетокот", објавува:

### ЈАВЕН ПОВИК БР.07/2018

За работен ангажман на определено време за следната позиција: **1(еден) Административен Асистент** во рамки на проектот „Од почетокот".

### 1.1 Позадина на проектот

Проектот „**Од почетокот**" е дизајниран да придонесе кон подобрување на пристапот на ромските деца во предучилишното образование, да го олесни пристапот и запишувањето на ромските деца во основните училишта, да го поддржат образовниот напредок на запишаните деца, да го зајакнат капацитетот на родителите и врската помеѓу родителите и образовните институции во Македонија.

Имплеметацијата на проектот ќе допринесе за подобрување на пристапот на ромските деца во предучилишното образование и последователно, да ги зголемат своите вештини за ран детски развој и подготвеноста за училиште, и од друга страна да придонесе кон зголемување на вештините кај родителите за поддршка на раниот детски развој и грижа, здравје и исхрана за нивните деца во општините Шуто Оризари, Тетово и Гостивар. Проектот е планиран да се имплементира три учебни години во периодот од Октомври 2018 до Јули 2021 година.

Проектот е финансиран од Европската Унија / DG NEAR, а е менаџиран од страна на Ромскиот Образовен Фонд од Будимпешта. Проектот во Македонија го имплементираат Здружението за поддршка на маргинализирани групи „Ромски Ресурсен Центар" од Скопје во партнерство со Асоцијација за Демократски Развој на Ромите Сонце од Тетово.

This Project is funded by the European Union

**1.2 Кратко резиме на опис на работни задачи за позицијата Административен асистент**

- Да овозможи целосна логистика за имплементација на проектот во Тетово и Гостивар;
- Да контактира со родителите, локалните медијатори, тутори, претставници од основните училишта и претставниците од градинките во општините Тетово и Гостивар ;
- Да организира состаноци со сите засегнати страни во проектот, вклучувајќи ги сите партнери и таргети кои се дел од активностите на СОНЦЕ во проектот за општините Тетово и Гостивар;
- Редовно и активно да комуницира со сите структури на проектот вклучувајќи ги и структурите на РРЦ - Скопје;
- Да ја мониторира работата на локалните медијатори во општините Тетово и Гостивар;
- Да е одговорен во подготовка на записници, извештаи, листа на учесници одделно за секоја имплементирана активност во проектот;
- Да е оговорен во собирање на сите месечни документи и извештаи кои произлегуваат од активностите на проектот;
- Месечно да го известува Офисерот за Ран детски развој за неговата или нејзината работа.

**1.3 Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат следните услови:**

1. Да имаат минимум завршено средно образование а со универзитетска диплома ќе се смета за предност;
2. Солидно познавање на пишан и говорен англиски јазик;
3. Да имаат најмалку 3 (три) годишно искуство во работа на проекти за образование на маргинализирани групи со акцент на ромската заедница;
4. Да имаат претходно искуство во имплементација на проекти финансирани од Европската Унија;
5. Да имаат одлично познавање на ромската проблематика и состојба особено од областа на образованието;
6. Да бидат мотивирани да работат во мултиетнички контекст.

**1.4 Заинтересираните кандидати треба да ги поседуваат следните вештини и квалификации:**

**This Project is funded by the European Union**

1. Развиени комуникациски вештини;
2. Способност за работа под притисок;
3. Добро познавање на Microsoft office;
4. Способност за тимска и групна работа;
5. Вештини за пишување и развивање на проекти за ЕУ ќе биде предност.

## 1.5 Место на извршување на работните задачи и времетраење на ангажманот

Работните задачи ќе се извршуваат во канцелариите на Асоцијацијата за демократски развој на Ромите СОНЦЕ - Тетово  и на локално ниво во 2 (две) општини Тетово и Гостивар) во Република Македонија.

Ангажманот на Административниот асистент ќе биде со 8 часа работно време во текот на еден работен ден.

## 1.6 Насоки за аплицирање

Сите заинтересирани кандидати треба да ја достават следната документација:

1. CV (работна биографија во која треба да бидат наведени типот на ангажмани и за кои институции/организации се испорачани со наведени контакти и референци);
2. Мотивационо писмо;
3. Потврда за највисок завршен степен на образование.

**Краен рок за пријавување е 5 работни дена од датумот на објавување на јавниот повик односно до 21.11.2018 година**

Комплетната документација може да се достави електронски на  следната е-маил адреса: **fromthebeginning2018@gmail.com**

или по пошта на следната адреса:

**ул„Иво Лола Рибар “ бр. 381-3 општина Тетово  во Канцеларијата на АДРР Сонце**

**Лице за контакт:** Ферди Исмаили

Ненавремено доставена и некомплетна документација нема да биде земена во предвид.